**Известување за концентрација со која МАН ЕНЕРЏИ Солушнс СЕ (MAN Energy Solutions SE) со регистрирано седиште на Штадбахштрасе 1, 86153 Аугсбург, Германија стекнува самостојна контрола над Х-ТЕК Системс ГмбХ (H-TEC Systems GmbH) со регистрирано седиште на Ам Митлерен Мос 46, 86167 Аугсбург, Германија**

**(предмет бр. 08-111/2020)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.12.2020 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која МАН ЕНЕРЏИ Солушнс СЕ (MAN Energy Solutions SE) со регистрирано седиште на Штадбахштрасе 1, 86153 Аугсбург, Германија стекнува самостојна контрола над Х-ТЕК Системс ГмбХ (H-TEC Systems GmbH) со регистрирано седиште на Ам Митлерен Мос 46, 86167 Аугсбург, Германија.

МАН ЕНЕРЏИ Солушнс СЕ е индиректно зависно друштво на Фолксваген Акциенгезелшафт Германија а кое е владејачко друштво на Фолксваген Груп.

Фолксваген групацијата ги има следните регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија: Друштво за лизинг ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје, Акционерско Друштво за вршење на осигурително брокерски работи ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје, Друштво за трговија и услуги СКАНИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Илинден и Друштво за промет и услуги ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.

Х-ТЕК Системс ГмбХ е друштво кое се фокусира на истражување и развој на технологија поврзана со водород.

Х-ТЕК Системс ГмбХ нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија и нема остварено приходи.

Релевантниот пазар на стоки би требало да се дефинира како ***пазар за производство на електролизатори.***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 6 дена од денот на објавување на ова известување.*

28.12.2020 година
Скопје